Активната транспарентност на сите 98 вклучени институции (министерствата, Владата и општините) за 2020 година изнесува **58,2 %** (од максимално можни 100 %) и според градацијата на нивоата, спаѓа во ’просечна‘ активна транспарентност. Активната транспарентност во 2020 година е **подобрена само за минимални 2,2 процентни поени** во однос на лани, кога изнесуваше 56 %. Кај **министерствата**, по три години континуиран пораст, во 2020 година се забележува стагнација и дури и **мало намалување** на активната транспарентност. Таа годинава изнесува **77,1 %**, за разлика од ланските 77,6 %. Сепак, активната транспарентност на министерствата сè уште е значително подобра од онаа на **општините,** која изнесува **54,5 %** и по неколкугодишното намалување **бележи пораст** втора година по ред.